3558

PRES-SERVIS
NOVINSKO-IZDAVAČKO PREDUZEĆE SAVEZA NOVINARA JUGOSLAVIJE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE OF THE FEDERATION OF YUGOSLAV JOURNALISTS
BEOGRAD — Knez Mihajlova 2/X — Pošt. fah 842
Tel. 621-578
Ček. račun 101-11/1-804
Current Account with Yugoslav National Bank
SLUŽBA DOKUMENTACIJE
CLIPPING SERVICE
Isečak iz lista
Newspaper cutting
ВЕЧЕР
Скопје
22 VI. 1967

Во рамките на годинашнава »Средба на солидарноста«

# ИЗЛОЖБА НА ПАБЛО ПИКАСО

**Од 7 јули до 10 семтември година ва, во рамките на годинешнава „Средба на солидарноста", во изложбениот салон на Музејот на современата уметност во Скопје ќе биде презентирана самостојна изложба на еден од најголемите ликовни уметници на денешницата, ПАБЛО ПИКАСО.**

Оваа изложба, на која ќе бидат застапени 60 графики работени од 1924 до 1966 година, ќе ја означи врвната ликовна манифестација во главниот град на нашата Република од ослободувањето наваму.

Интересно е да се одбележи дека графиките на Пикасо што ќе бидат презентирани во Скопје иако не се тематски единствени сепак нивното вклопување во рамките на „Средбата на солидарноста" е особено значајно по хуманата порака што тие ја сугерираат. Имено поголем дел од овие графики се создадени непосредно по Втората светска војна и се свртени кон човекот што тукушто излегол од злогласните концентрациони логори и од пределите на војната и почнува да суштествува во еден поспокоен простор.

**Треба да се истакне дека графиките што ќе бидат презентирани во рамките на оваа изложба се добиени преку галеријата „Луиз Лерис" од прочуената колекција на Даниел Канвелер.**

Оваа изложба ја организира Музејот на современата уметност од Скопје.

## ИЗЛОЖБА НА СОВРЕМЕНОТО МАКЕДОНСКО ЛИКОВНО ТВОРЕШТВО

Во рамките на годинашнава „Средба на солидарноста", Музејот на современата уметност од Скопје организира изложба под наслов **„Современо македонско ликовно творештво"**.

На оваа изложба ќе бидат застапени слики, скулптури и цртежи кои досега не се никаде излагани. Во рамките на оваа изложба исто така ќе бидат презентирани слики, скулптури и цртежи од македонски автори што се своина на Музејот.

Изложбата ќе се отвори на 24 јули и ќе трае до 2 август годинава.

**Т. Ш.**